ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известуваат сите производители на градежниот производ – бетон, дека согласно член 13 и 45 од Законот за градежните производи („Службен весник на РМ“ бр.104/15, 192/15 и 53/16) и член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градежните производи („Службен весник на РМ“ бр. 120/18) се задолжуваат своите производи да ги усогласат со барањата на стандардот МКС EN 206:2014+A1:2017 Бетон - Спецификација, својства, производство и сообразност и со националниот стандард МКС 1016:2018 - Правила за употреба на МКС EN 206:2014+A1:2017 Бетон - Спецификација, својства, производство и сообразност.

Едновремено, ве изveствуваме дека националниот стандард МКС 1016:2018 - Правила за употреба на МКС EN 206:2014+A1:2017 Бетон - Спецификација, својства, производство и сообразност, согласно своите надлежности го има изработено Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, каде што истиот можете да го набавите за свои потреби.